# Адемир Араповић

Изложените скулптури претставуваат комбинаторика на фрагменти од древни предмети (стол, напр.) и стиропорна амбалажа, односно нивна реорганизација како резултат на авторовата внатрешна проекција на формите. Со други зборови, Адемир, разбивајќи или користејќи веќе разбиен функционално сложен предмет, го изолирал оној облик или негов дел кој сам или во понатамошното спојување одговара на неговата сопствена авторска шифра. Како да уметникот од дневно-функционалниот предмет и неговото физичко устројство ги извлекува и спојува оние елементи кои ја сочинуваат неговата попатна, во практична смисла неважна, но постоечка иманенција, која со новиот склоп, раздвижен со креативната визија, исфрла во очигледен, јасен план, и нова, неутилитарна, но духовно интензивирана функција.

Поимот на „шифрата" овде се чини умесен, бидејќи изгледа дека се работи за тајно писмо, кое наспроти екстрахирањето од првобитниот концепт и пластичната експликација не престанува тоа и да биде. Покрај, веројатно неирелевантната помисла на парафраза или дури (поточно, сигурно без програмска намера) пародија на минимализмот односно на неговата обновена, локална верзија, овие облици почесто упатуваат на тродимензионално влијание на источното писмо — слово: далеку, се разбира, од баналноста на дословното пресликување.

Таква асоцијација, која ја поткрепува употребата на златната боја, упатува на врската на авторот со локалната исламска уметничка традиција. Врската која се рефлектира во сложеното и уверливо чувствување, а не на приземната улустративност или провинцијална ограниченост и самозадоволство.

Напротив, има многу причини да во случајот на овој млад уметник се работи за озбилна и ветувачка активност, автентична љубопитност на мотивираната општост на облиците, како и симултаното понирање во посебноста на сопствената субјективност и наследство.

Антун Марачиќ





АДЕМИР АРАПОВИЌ, роден 1961 г. во Сараево, студент на Академијата за ликовни уметности во Сараево.
Адреса: Васе Мискина, 10. Сараево, 071/30-769

Групни изложби:

1984 — Араповиќ — Харевиќ, Загреб
1986 — бифе — галерија „Звоно", Сараево
1987 — „Заједно", Сараево
— „Југословенска документа", Колегиум Артистикум, Сараево
— 14. Биенале младих, Риjека
— Галерија „ЦМ", Осијек
— Галерија Дома младих, Сараево

струга

во финансирањето на изложбата учествува Занаетчиска задруга „СТРУГА" ул. ЈНА б. б. тел. 096/72-695

издавач:

Дом на младите „25 Мај" Скопје
Кеј Димитар Влахов б. б., 091/233-755
за издавачот: Гоце Димовски
ликовна програма, галерија
Адемир Араповиќ, инсталации, септември, 1987
предговор: Антун Марачиќ
уредник: Небојша Вилиќ
соработник на изложбата: Маринко Бороевиќ
печат: ГЗ „Гоце Делчев", Скопје
тираж: 200 примероци